Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, Известувањето од Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, наш арх.бр.08-710/1 од 24.2.2026 г., Изјава за престанување со емитување на радио програма од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, бр.УЗП 613/2026 и Изјава од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 612/2026, двете од 23.2.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-774/2 од 2.3.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 2.3.2026 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број / Numer: 08-63
03.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за Дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-115 од 7.9.2023 година од страна на радиодифузерот согласно издадена фактура од страна на Агенцијата само за периодот на работење, односно од 5.1.2026 г. заклучно до 23.2.2026 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото со ограничена одговорност (ДОО) за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-115 од 7.9.2023 година (со период на важност од 5.1.2024 г. до 4.1.2027 г.), кој емитува програма преку терестријален предавател (Гореничка Чука 97.00 MHz) на локално ниво, на подрачјето на општина Охрид, програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

На 23.2.2026 г. ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) достави Известување (наш арх.бр.08-710/1 од 24.2.2026 г.), во врска со престанокот на важноста на Дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-115 од 7.9.2023 г., кон кое во прилог ги испрати потребните изјави: Изјава од единствениот основач/сопственик на ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ – Сашо Митаноски (заверена на нотар) бр.УЗП 613/2026 од 23.2.2026 г. и Изјава од управителот на радиодифузерот – Јане Стефанов (заверена на нотар) бр.УЗП 612/2026 од 23.2.2026 г. Во изјавите единствениот основач/сопственик и управителот на радиодифузерот изјавија дека ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ заклучно со 23.02.2026 г. престанува со емитување на радио програма, како и дека радиодифузерот ќе ги исполни финансиските обврски кон Агенцијата, во однос на плаќање на надоместокот за Дозволата за радио емитување (Уп1 бр.08-115 од 07.9.2023 г.), за периодот на работење, за што Агенцијата ќе издаде нова фактура.

По донесувањето на ова Решение, а согласно член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, на ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, АВМУ ќе му издаде нова фактура, која ќе се однесува само на периодот на работењето, односно од 5.1.2026 г. заклучно до 23.2.2026 г., која фактура треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. Претходно доставената Фактура, бр.2026-100-0056 од 12.1.2026 година (наш арх.бр.05-118/1 од 12.1.2026 г.) за годишниот надоместок за дозвола за радио емитување на ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, за период од 5.1.2026 г. до 4.1.2027 г., издадена од страна на АВМУ ќе биде сторнирана.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираните писмени изјави, како и со подмирување на финансиските обврски кон Агенцијата за надоместокот на дозволата од страна на радиодифузерот, ќе бидат исполнети законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, Известувањето од ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, наш арх.бр.08-710/1 од 24.2.2026 г., Изјава за престанување со емитување на радио програма од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, бр.УЗП 613/2026 и Изјава од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 612/2026, двете од 23.2.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-774/2 од 2.3.2026 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за дозволата на сметка на Агенцијата од страна на радиодифузерот, согласно точка 3 од ова решение.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ;
- Управителот на ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.